УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ” - БИТОЛА

# АНЕКС

# НА

# Б И Л Т Е Н

# Бр. 427

ГОДИНА XXXVIII, Битола, 15.05.2017 година

**Издание на Универзитетот „Св. Климент Охридски”- Битола**

Одговорен уредник М-р Офелија Христовска
Генерален секретар

Редакциски одбор Проф. д-р Виолета Маневска, проректор
Факултет за информатички и комуникациски технологии-Битола

Проф. д-р Светлана Николоска, проректор
Факултет за безбедност-Скопје

Проф. д-р Елизабета Бахтовска, проректор
Технички факултет-Битола

Проф. д-р Марјан Ангелески, проректор
Економски факултет-Прилеп

Д-р Елена К. Ристоска, советник

Уредник Д-р Елена К. Ристоска

Умножено на електронски печатар на Универзитетот
“Св. Климент Охридски” – Битола

# С О Д Р Ж И Н А

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ-КИЧЕВО**

Реферат за избор на асистент-докторант од научната област Јавна управа (50901) ........ 1

# Р Е Ф Е Р А Т

**за избор на асистент-докторант од научната област "Јавна управа" (50901) на Правен факултет – Кичево при Универзитетот "Св. Климент Охридски" - Битола**

Врз основа на член132, став 5 и 6од Законот за високото образование ("Службен весник на РМ" бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 130/2014, 10/2015 и 20/2015), и врз основа на член 47, член 48, член 49, член 50 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот "Св. Климент Охридски" – Битола, Наставно-научниот совет на Правниот факултет во Кичево на седницата одржана на ден 19.04.2017 година, со Одлука бр.02-211/4 од 19.04.2017 година формира Рецензентска комисија за избор на еден асистент-докторант од научната област „Јавна управа" (50901), во следниот состав:

1. Вон. Проф. д-р Младен Караџоски – претседател,
2. Вон. Проф. д-р Бранко Димески – член,
3. Вон. Проф. д-р Горан Илиќ - член.

Членовите на Комисијата, заблагодарувајќи се на укажаната чест, а по целосно разгледување на добиените материјали од спроведениот конкурс, го поднесуваат следниот:

## И З В Е Ш Т А Ј

На распишаниот конкурс на Правниот факултет - Кичево, објавен на ден 05.04.2017 година во дневните весници „Нова Македонија", „Утрински весник" и „Lajme" за избор на асистент-докторант од научната област „Јавна управа"(50901) се пријави еден кандидат: м-р Диоген Хаџи-Коста Милевски.

Кандидатот м-р Диоген Хаџи – Коста Милевски е роден на 02.03.1980 година во Битола, каде завршува основно и средно образование. Продолжува на додипломски студии на Правниот Факултет "Јустинијан први" при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" - Скопјена отсек Политички науки каде што се стекнал со звањето дипломиран политолог. Студиите ги завршува со просечна оцена 9.16. Последипломските магистерски студии ги завршува на Факултетот за администрација и менаџмент на информациски системипри Универзитет "Св. Климент Охридски" од Битола и се стекнува со звање магистер на науки од обласга на јавна администрација. Магистерските студии ги завршува со просечна оцена 10.00, а насловот на одбранетиот магистерскиот труд е:"Циклусот на креирање на јавни политики и нивната зависност од политичкиот систем". Кандидатот активно владее 3 странски јазика: англиски, ,бугарски и српски, додека на пониско ниво го познава и албанскиот јазик. За владеењето на англискиот јазик поседува актуелен TOEFLсертификат дека го положил овој испит со 94 поени.

## I. ПРОФЕСИОНАЛНИ АКТИВНОСТИ

**15.09.2014 – до денес** асистент од научните области 50901 – јавна управа и 50903 – друго наУниверзитет “Св. Климент Охридски” Битола,Правен факултет - Кичево со дизперзирани студии во Битола и Струга.

**27.08.2007 - 15.09.2014**- соработник од научните области 50901 – јавна управа и 50903 – друго наУниверзитет “Св. Климент Охридски” Факултет за администрација и менаџмент на информациски системи–Битолана предметите: “Вовед во политички науки”,“Применета политика”, “Политички систем”, “Меѓународни односи на балканот“,“ Надворешна политика ”,“Анализа на јавна политика ”, “Меѓународни односи и дипломатија”.

**11.2006-27.08.2007** -демонстратор на предметите“Применета политика ”,“Анализа на јавна политика ” на Интердисциплинарни студии по јавна администрација, Универзитет “Св Климент Охридски”-Битола.

**2009 – до денес** – Основач и претседател на Здружение на граѓани Центар за европски развој и интеграција – Битола.

**2014 – до денес** извршен директор и предавач на школата за лидерство и јавни политики ПОЛИТЕА – во организација на Центарот за европски развој и интеграција - Битола.

**2016 – Координатор** на Проектот О3 Општествено одговорни организации поддржан од Влада на Република Македонија.

**2014 – 2016 - Раководител на истражувачки тим** во проект - Промовирање на доброто владеење и економски права преку зајакнување на капацитетот на македонското цивилно општество за вршење на мониторинг и справување со сивата економија во Република Македонија – Истражувач за Пелагониски регион.

**2013 – 2015Координатор и истражувач** во рамките на проектот Лотос - „Размена на најдобрите ЕУ практики за следење на антикоруптивни мерки на локално ниво“ - Центарот за Европски развој и интеграција - Битола го реализира како локален партнер на Центарот за истражување и креирање на политики од Скопје.

**2013 – 2014Координатор и предавача** на школата за млади општествени лидери и креативни активисти МОЛИКА во организација на Ротари Клуб Широк сокак Битола.

## II. НАСТАВНО – НАУЧНА РАБОТА

М-р Диоген Хаџи – Коста Милевски во текот на неговата академска кариера се истакнал во наставно-научната дејност. Во академската 2006/07 година е ангажиран како демонстратор на Интердисциплинарните студии по јавна администрација – Битола и изведувал вежби по предметите: Применета политика,Анализа на јавна политика,Службенички систем иВовед во политички науки. Од академската 2007/08 година, е избран како помлад асистент на Факултетот за администрација и менаџмент на информациски системи- Битола и ги изведувал вежбите по предметите: Вовед во политички науки,Применета политика, Политички систем, Меѓународни односи на балканот, Надворешна политика,Анализа на јавна политика, Меѓународни односи и дипломатија, Современи политички системи, Основи на политологија и Современи политички системи.

На Факултетот за администрација и менаџмент на информациски системи- Битола во 2012 година ги изведувал вежбите по предметите: Осннови на политологија, Вовед во меѓународни односи, Современи политички системи, Историја на Европа во XX век, Општествени политички промени во модерна Европа, Јавна политика и здравствена политика, Меѓународни организации и интеграции и Управување со граѓански организации.

Од 15.09.2014 кандидатотм-р Диоген Хаџи – Коста Милевски работи како соработник на Правниот факултет – Кичево и дисперзираните студии во Битола и Струга при Универзитетот "Св. Климент Охридски" - Битола, каде реализира вежби и други технички работи врзани за високообразовниот процесна првиот циклус на студии по предметите Мултилатерална дипломатија, Филозофија на правото,Судски систем, Социологија на правото, Социјална политика и Социјална Патологија.

## III. НАУЧНО – ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА

Во рамките на својот професионален и научен ангажман, м-р Диоген Хаџи – Коста Милевски е активно инвловиран во научно - истражувачката работа, за што сведочат научните трудови (објавени и во фаза на објавување - прифатени), како и неколкугодишната работа на емпириски проекти во областа на демократијата, граѓанската партиципација и човековите права.

### 3.1.Листа населектирани објавени научни трудови:

1.м-р Диоген Хаџи – Коста Милевски и м-р Илче Димовски, **„Компаративна знализа на процесот на креирање на јавни политики на локално ниво во Република Словенија и Република Македонија"**–рецензиран, Хоризонти, Меѓународно Научно Списание, Број 12 -2014 година.

2.м-р Диоген Хаџи-Коста Милевски, м-р Мирјана Ристовска и д-р Божидар Миленковски, **„Меѓузависност на демократијата и човековите права во модерната**

**држава“,** од Меѓународната конференција Балканот меѓу минатото и иднината, електронска објава ISBN 978-608- 4532 -4 pp. 241 – 252, јуни 2013 година

3. м-р Диоген Хаџи-Коста Милевски, м-р Мирјана Ристовска и д-р Божидар Миленковски, **„Развојот на демократијата во Република Македонија низ призмата на човековите права“** од Првата меѓународна конфереција на млади истражувачи „Човековите права во 21-от век , електронска објава I ISBN 978-9928- 4120-3 p. 683, 7 мај 2012 година

**Трудови во фаза на објавување:**

М-р Диоген Хаџи – Коста Милевски е автор на трудот “**Transformations of the the political systemsas a result of changes in the electoral system 1991-2011**” презентиран на меѓународна академска конференција посветена на 20 - годишнината од независноста на Македонија, во организација на ЦИКП, Универзитетот ФОН и Школата за јавни политики “Мајка Тереза ”, во соработка со Friedrich-Ebert-Stiftung, office, Скопје, септември 2011 година, кој е во фаза на рецензија.

**3.2. Учество во проекти**

1. ПОЛИТЕА - ШКОЛА ЗА ЛИДЕРСТВО И ЈАВНИ ПОЛИТИКИ - Проект за неформално образование на младите на возраст од 18 до 28 години насочен кон кариерен развој и општествена интеграција на младите од Пелагонискиот регион. Проект во организација на ЦЕРИ-Битола, кој започна со имплементација на 27.11.2014 и континуирано се спроведува до денес. ***Позиција - Извршен директор и предавач на модулите за јавни политики.***
2. КОНФЕРЕНЦИЈА – ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ И ЗАШТИТА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ - Конференција во организација на Аналитика и Центарот за европски развој и интеграција во Битола 31.03.2017.***Позиција - Панелист и коорганизатор.***
3. ДОБРО ВЛАДЕЕЊЕ ПРЕКУ ОТВОРЕНО ВЛАДИНО ПАРТНЕРСТВ. Проект имплементиран од Центарот за европски развој и интеграција а финансиран од Европската Комисија - 03.11.2016 - во тек - проект чија главна цел еактуелизација на целите и можностите што се нудат преку иницијативата за Отворено Владино Партнерство информирање на регионална мрежа за учество на граѓанските организации од Пелагонискиот регион во мониторингот и имплементацијата на акцискиот план за Отворено Владино Партнерство 2016-2018.***Позиција - Координатор***
4. ПРОЕКТ „О3“ (О-Три) –(Општествено Одговорни Организации) Имплементиран од Центарот за европски развој и интеграција од Битола. Проектот има за цел јакнење на капацитетот на граѓанските организациии за поддршка во имплементација на општествено одговорни практики кај малите и средни бизниси во Пелагонискиот регион. Проектот е финансиран од Владата на Р. Македонија. Период на имплементација 05.2016 - 11.2016 - ***Позиција - Координатор и обучувач***
5. „Размена на најдобрите ЕУ практики за следење на антикоруптивни мерки на локално ниво (ЛОТОС)“, чија основна задача е да спроведе истражување за

одговорноста, транспарентноста и отчетноста на локалните самоуправи. Имплементиран од Центар за Европски развој и интеграција (ЦЕРИ) од Битола во соработка со Центарот за истражување и креирање политики (ЦИКП) од Скопје,а финансиран од Европската Комисија.01.2013 - 06.2014***Позиција - Координатор на проект за Пелагониски регион***

**3.3. Учество на обуки и школи:**

Паралелно со наставно-образовната дејност, м-р Диоген Хаџи – Коста Милевски учествува во повеќе проекти и конференции:

1. Во периодот 2012- 2013 со Проф д-р Жидас Даскаловски имаат презентација на трудот „Пописот на население и интер-етничките односи во Р.Македонија“ на 20 меѓународна конференција на NISPA-Cee на тема „20 години на развој“ која се одржа од 23-26.05.2013 Охрид
2. Тој е учесник на семинарот Денови на Југоисточна Европа која се одржа на универзитетот во Хемниц Р. Германија 01.05 – 05.05 2013 на кој пред студентите и академскиот кадар на насоката по европски студии одржа предавање под наслов „На патот кон Европа – Реалност и Фикција“
3. Во периодот 2010-2011 е учесник на школата за Јавна политики Мајка тереза во организација на ЦИКП и Советот на Европа во чиј состав остварува студиски престој и учество на 6-ти Летен Универзитет за демократија на тема (Етика и Политика) кој се одржува во Стразбур, од 27 до 29 Јуни 2011
4. Во периодот 2009–2010 е учесник во проектот Прептприемништво во образованието- Развој на претприемнички карактер во организација на УКЛО, БСЦ-Битола и SPARKво рамките на кој остварува студиски престој на Универзитетот ИНХОЛАНД во Амстердам и Ротердам во периодот од 25 до 30 Октомври 2009 год. При овој престој учествувал на конференцијата Lessons from the international Entrepreneurship Development одржана во Ротердам на 29 и 30 Октомври.
5. Во периодот 2008-2009 зема активно учество како асистент и копрофесор во рамките на 4-тиот Интернационален Летен Универзитет (ИСУМ) кој се одржа во месец Јули 2008 во Охрид, Р. Македонија.Тој асистира и предава на предметот Процес на креирање на јавни политики и ЕУ перспективите за мултиетничките општества (Овој предмет ги комбинира елементите на процесот на креирање на јавни политики и европските студии). Предавањата и оценувањето се на англиски јазик.
6. Во периодот 2007-2008 зема активно учество во 3-тиот Интернационален Летен Универзитет (ИСУМ) кој се одржа во месец Јули 2007 год во Битола, Р. Македонија и ја има функцијата на офицер за врски на предметот Вовед во анализа на јавна политика.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Кандидатот м-р Диоген Хаџи – Коста Милевски покажал одличен успех во своето образование. Поседува вештини за академска истражувачка работа. Неговите самостојни научни истражувања при изработката на магистерската работа се потврда за тоа. Во рамките на стручно-апликативната дејност кандидатот покажал способност за самостојно истражување. Тој умее да анализира и сублимира резултати. Учеството на меѓународни и домашни конференции на кандидатот е доказ за овие способности. Во изминатите години, како демонстратор, помлад асистент и асистент покажал исклучителна посветеност кон академскиот процес, одлична соработка со наставниците и креативност и прецизност во работата со студентите. Неговиот развој во поглед на можноста да се учествува во наставен процес е забележителен. Посебно битно е да се истакне дека кандидатот во многу прилики покажал подготвеност да асистира во работните процеси на Факултетот. Тој активно соработува со наставниот кадар во истражувања на теми од административните и политолошките науки, како и во други општествени полиња и области.

Оценувајќи гопозитивното искуство во научно-истражувачките заложби, работата на проекти и објавените научни трудови на кандидатотм-р Диоген Хаџи – Коста Милевски, и имајќи ги предвид критериумите и условите за избор во наставни и соработнички звања предвидени во Законот за високото образование, општите акти на Универзитетот и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно - научни, наставни, наставно - стручни и соработнички звања на Универзитетот “Св. Климент Охридски” - Битола, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот ги исполнува условите за избор во звање асистент - докторант **од научната област 50901 – Јавна управа** и затоа со задоволство му предлага на Наставно - научниот совет на Правниот факултет - Кичево, кандидатот м-р Диоген Хаџи – Коста Милевски да го избере во научната област **50901 – ЈАВНА УПРАВА,** во звање АСИСТЕНТ - ДОКТОРАНТ.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. Вон. Проф. д-р Младен Караџоски, претседател, с. р.

2. Вон. Проф. д-р Бранко Димески, член, с. р.

3. Вон. Проф. д-р Горан Илиќ, член, с. р.